ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
Психијатриска Болница Негорци Гевгелија
Примено: 30-12-2022г
05 150/1

Број:08-19761/1
Дата:27.12.2022
Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: **Психијатриска болница - Негорци - Гевгелија**

**Предмет: Известување за Одлуката за утврдување на договорните надоместоци на јавните здравствени установи за 2023 година.**

Почитувани,

Ве известуваме дека Управниот Одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на ден **26.12.2022** година, донесе **Одлука за утврдување на договорните надоместоци на јавните здравствени установи за 2023 година.**
За Вашата здравствена установа, **вкупниот договорен надоместок за 2023 година е утврден во вкупен годишен износ од 70.000.000 денари.**

**<u>УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ПО ВИД И ОБЕМ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ</u>**

Покрај тоа, задолжително да се достават усогласени планови за вид и обем на здравствени услуги со вкупно утврдениот договорен надоместок за 2023 согласно Одлуката на УО. Плановите за видот и обемот се искажуваат одделно по нивоа на здравствена заштита, по дејности и по квартали, според утврдените обрасци дадени на веб страницата на Фондот .

Плановите за видот и обемот по квартали (се доставуваат во пишана форма до секторот за финансиски прашања-одделение за буџетска координација и договарање и во електронска форма на меил dogovori@fzo.org.mk **најдоцна до 05 јануари 2023 година**.

Врз основа на утврдениот ДН за 2023 година, Вашата здравствена установа треба да го, усогласи **годишниот план на приходи и расходи за 2023 година** од техничкиот буџет внесен во трезорот на ФЗОМ на новоутврдениот надоместок од ФЗОМ за 2023 година. Усогласувањето за недоместокот треба да го направите во рок од 7 дена од приемот на известувањето., односно надоцна до 05 ти јануари 2023 година. Доколку Вашата здравствена установа не достави корегиран годишен план, тогаш Фондот во Ваше име ќе изготви, односно ќе го корегира годишниот план на приходи и расходи.

Со почит,

**Директор на Сектор за финансиски прашања**
**Миле Сугарев**

Изготвил: Даниела Цветковска
Контролирал: Дајана Ѓозева

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр.5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk